# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ЈАВНОСТА

Јуни, 2008 година

## Најдобри земји за водење бизнис

**#50 Македонија**

**БДП развој 5,1%**
**БДП/жител $8,400**
**Трговски баланс $0,0 милијарди**
**Население 2,1 милион**
**Невработеност 34,8%**




Македонија е на 50-то место на листата на магазинот "Форбс" за создавање услови за водење бизнис. Ова рангирање покажува дека во однос на минатата година, кај нашата држава се забележува скок за 32 места. Ранг листата на "Форбс" опфаќа 121 држава.

До ослободувањето во Септември 1991 година, Македонија беше најслабо развиена земја од бившите Југословенски држави, притоа произведувајќи само 5% од целосниот федерален капацитет на добра и услуги. Колапсот на Југославија ги прекина трансфер исплаќањата од централните власти и ја елиминираше користа од вклучување во де факто слободна трговија.

Отсуството на инфраструктура, ОН санкции на редуцираната Југославија и грчкото економско ембарго поради конфликтот во однос на уставното име и знаме го отежнаа економскиот развој на Македонија се до 1996 година. БДП постепено растеше секоја година се до 2000 година. Во 2001 година, за време на

граѓанскиот конфликт економијата се намали за 4,5% поради намалената трговија, повременото затварање на границите, зголемениот дефицит и инвеститорската несигурност. Развојот во Македонија едвај почна да се оправува во 2002 година на 0,9% потоа на просечни 4% годишно во периодот од 2003-07 година зголемувајќи се на 5,1% во 2007 година. Македонија ја одржа својата макроекономска стабилност со ниска стапка на инфлација, но досега го назадуваше регионот во привлекувањето на странски инвестиции и отварање нови работни позиции, и покрај напорот во извршувањето на фискалните и бизнис реформи. Невработеноста останува на високи 34,8%, но може да биде и преувеличена во зависност на постоењето на сивата економија, која е проценета за повеќе од 20% од БДП.

Најлошата оценка која ја има Македонија е во делот иновации, каде што е рангирана на 86-то место, а во категоријата монетарна слобода, Македонија се наоѓа меѓу првите десет. Во категоријата трговска слобода, Македонија е на 39-то место а во делот за заштита на инвеститорите е на 62-то место, додека во категоријата лична слобода е рангирана на 64-то место. Во борбата против корупцијата Македонија го зазема 67-то место.

Најдобро рангирана за водење бизнис е Данска, која на листата е пред Ирска и Финска. Потоа следуваат САД, Велика Британија, Шведска.Најдобро рангирана држава на Балканот е Романија, која го зазема 40 место, потоа Турција, Хрватска, Бугарија, Албанија, Босна и Херцеговина.